# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 15 јули 1999
Скопје
Број 43 Год. LV

Аконтацијата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1294.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 1999 година.

Број 07-2957/1
14 јули 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 78/93, 70/94, 14/95, 42/95, 71/96, 5/97, 36/97, 7/98, 63/98 и 39/99), членот 8 се брише.

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

„Акциза се плаќа во определен износ по литар за следниве деривати на нафта: моторен бензин, дизел гориво и масло за горење екстра лесно (ЕЛ). Акцизата во определен износ на масло за горење-мазут се плаќа по килограм.

Акцизата од став 1 на овој член се утврдува како разлика меѓу излезната рафинериска цена и производната рафинериска цена.

Производна рафинериска цена од став 2 на овој член е цената на прагот на рафинеријата за секој дериват утоварен во превозно средство, дефинирана согласно со Методологијата за формирање на цените на одделни видови енергија („Службен весник на Република Македонија“ број 43/98).

Излезна рафинериска цена за секој дериват, од став 2 на овој член, е производната рафинериска цена за секој дериват плус акцизата. Излезната рафинериска цена ја утврдува Владата на Република Македонија.

За дериватите на нафта кои не се наведени во став 1 на овој член акциза се плаќа на основица продажна цена која во себе не содржи акциза“.

Член 3

По членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

Владата на Република Македонија ја утврдува акцизата на нафтените деривати од член 10 став 1 на овој закон периодично, при што пропишаната акциза во Тарифен број 1 за одделните нафтени дерифати од точките 1), 2), 3) и 7) претставува просечен износ на акциза во даночниот период на годишно ниво.“

Член 4

Во членот 13 став 5 се брише.

Член 5

Во членот 17 став 1 точка 3 по зборот „акцизата“ се додаваат зборовите: „освен нафтените деривати од член 10 став 1 на овој закон“.

Член 6

Во членот 20 став 1 точка 2) по зборот „акцизите“ се додаваат зборовите: „освен нафтените деривати од член 10 став 1 на овој закон“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**1295.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 1999 година.

Број 07-2954/1
14 јули 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ број 23/95, 30/95, 43/95 и 23/99), во членот 10 став 1 по зборот „преглед“ се става точка, а зборовите: „и добиена употребна дозвола за објектот“ се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Трговецот е должен да обезбеди доказ од надлежните органи дека пропишаните услови од ставовите 1 и 2 на овој член се исполнети".

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 2

Во членот 12 став 2 после зборот „член" се става точка, а останатиот текст се брише.

Член 3

Во членот 14 став 1 точка 1 по зборот „производите" се додаваат зборовите: „формирана во евиденцијата".

Член 4

По членот 24 се додава нов член 24-а кој гласи:

„За цените на одделни видови енергија, формирани во согласност со Методологијата за формирање на цените на одделни видови на енергија, одлучува Комисија образувана од Владата,а составена од претставници на Министерството за финансии, Министерството за стопанство и Министерството за трговија".

Со Комисијата од став 1 на овој член раководи министерот за трговија.

Одлуките на Комисијата од став 1 на овој член ги извршува министерот за трговија".

Член 5

Во член 39 ставот 1 се менува и гласи:

„Ако при вршење на трговија и услуги во трговијата не се исполнети пропишаните минимално-технички, хигиенско-санитарните услови и други услови пропишани со закон, односно трговецот не обезбедил доказ од надлежен орган, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста".

Член 6

Членот 42 се брише.

Член 7

Во членот 46 став 1 точка 3 по зборот „услуги" се додаваат зборовите: „или истата не се наоѓа во продажниот објект".

Член 8

Во членот 49 став 1 точка 6 по зборовите: „и друг пропис" се додаваат зборовите: „односно не обезбеди доказ од надлежен орган".

Член 9

Во членот 52 по зборовите: „дејствијата од" се додаваат зборовите: „член 46 став 1 точка 1 и".

Член 10

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1296.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.07.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 12,682 |
| -МБ-98 | до 13,033 |
| -БМБ-95 | до 13,384 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| -Д-1 | до 10,626 |
| -Д-2 | до 10,393 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| -екстра лесно (ЕЛ) | до 11,626 |
| г) Мазут | до 7,677 ден/кг. |

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија), ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 36,50 |
| -МБ-98 | до 38,00 |
| -БМБ-95 | до 36,00 |
| б) Гасно масло-дизел гориво | ден/лит |
| -Д-1 | до 24,00 |
| -Д-2 | до 23,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| -екстра лесно (ЕЛ) | до 16,00 |
| г) Масло за горење (мазут) | до 7,95 ден/кг. |

Цените од став 1 на оваа точка потточките „а", „б" и „в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката „г" важи франко производител во земјата.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука содржани се акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот.

4. Во цените од точка 2 освен во потточката „г" на оваа одлука, содржани се и трошоците за превоз од 0,350 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 1,800 |
| -МБ-98 | до 1,800 |
| -БМБ-95 | до 1,800 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| -Д-1 | до 1,800 |
| -Д-2 | до 1,800 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| -екстра лесно (ЕЛ) | до 1,800 |
| г) Масло за горење (мазут) | до 0,220 ден/кг. |

5. Од износот на платените акцизи од точка 3 на оваа одлука Заводот за платен промет ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметка на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-3724/1
13 јули 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1297.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 23 јуни 1999 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

- Одлуката за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работата на јавните претпријатија што произлегуваат од Јавното комунално претпријатие „Комуналец" Скопје, донесена од Советот на Град Скопје на 22 јануари 1998 година;

- Одлуката за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работењето на ЈСП „Скопје" Скопје, донесена од Советот на Град Скопје на 22 јануари 1998 година; и

- Одлуката за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата на работата на Јавното претпријатие што произлегува од санитарната депонија за цврсти отпадоци „Дрисла" донесена од Советот на Град Скопје на 22 јануари 1998 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Јавното претпријатие „Паркови и зеленило" - Скопје, Јавното претпријатие „Комунална хигиена" - Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" - Скопје, Градоначалникот на Општина Студеничани, Градоначалникот на Општина Сарај, Градоначалникот на Општина Петровец и Градоначалникот на Општина Куманово со решение У.бр. 31/98 од 14 април 1999 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуките означени во точката 1 од оваа одлука затоа што тие не биле во согласност со Уставот и со Законот за јавните претпријатија.

4. Судот на седницата утврди дека во Одлуката за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работењето на јавните претпријатија што произлегуваат од ЈП „Комуналец" Скопје со Законот за јавните претпријатија е утврдено дека со оваа одлука градот Скопје во својство на основач и сопственик на поранешната ЈКП „Комуналец" - Скопје од кое со поделба произлегоа јавното претпријатие „Комунална хигиена" „Водовод и канализација" „Паркови и зеленило" и „Улици и патишта", а во смисла на член 49 од Законот за јавните претпријатија утврдува обврска начин и постапка за усогласување на нивната организација и работење со Законот за јавните претпријатија, Законот за комунални дејности и други закони и прописи што уредуваат прашања од доменот на нивната основна дејност.

Понатаму во член 2 од Одлуката е предвидено дека органите на јавните претпријатија ги именува и разрешува Советот на град Скопје на начин и постапка утврдени со закон. Органите се должни да се грижат за непречено вршење на дејност од јавен интерес утврден со закон.

Во член 3 е предвидено дека управните одбори на јавните претпријатија се состојат од по 15 члена што ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

Во управните одбори по 10 (десет) члена се претставници на Градот Скопје, а по 5 (пет) члена се од редот на вработените во соодветното јавно претпријатие.

Мандатот на членовите на управните одбори трае до истекот на мандатот на членовите на Советот на Град Скопје што ги именувал. Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именувањето на нов управен одбор.

Во член 4 од Одлуката е предвидено дека директор на јавно претпријатие именува односно разрешува Советот на Град Скопје, по предлог на градоначалникот на градот Скопје. Директорот на јавно претпријатие може да има заменик кого го именува, односно разрешува Советот на Град Скопје, по предлог на градоначалникот на Град Скопје.

Директорот и заменик на директорот се именува со мандат од 4 години.

Во член 5 е предвидено дека во случај кога не е извршено именување на директор и заменик на директорот и заради тоа во јавното претпријатие може да настане нарушување на работењето односно вршењето на дејноста или постои можност јавното претпријатие да не ги извршува со закон утврдените обврски, Советот на Град Скопје на предлог на градоначалникот на град Скопје, може да именува вршител на должноста директор на соодветно јавно претпријатие за време кое не може да биде подолго од 6 месеци.

Во член 6 е предвидено дека директорот и заменик на директорот не можат да учествуваат во штрајк во јавното претпријатие. Советот на Град Скопје со посебен акт ќе утврди кои други носители на раководни функции покрај директорот и заменик на директорот односно лица од кои зависи процесот на работата или се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на јавното претпријатие не може да учествува во штрајк и ќе ги пропише обврските на лицата кои не можат да учествуваат во штрајк.

Во член 7 е предвидено дека одредбите за контрола на материјално-финансиското работење на јавните претпријатија се состои од по 5 (пет) члена кои ги именува односно разрешува Советот на Град Скопје.

Во член 8 е предвидено дека управните одбори на јавните претпријатија во рок од 30 дена од денот на нивното именување ќе ги усогласат статутите на соодветните јавни претпријатија со Законот за јавните претпријатија и другите закони и прописи и ќе му ги достават на Советот на Град Скопје, заради давање согласност.

Во член 9 е предвидено дека Советите на вработените во јавните претпријатија се должни во рок од 8 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука да му достават на Советот на Град Скопје предлог за именување членови во новите управни одбори од редот на вработените во соодветното јавно претпријатие.

Во член 10 е предвидено дека доколку овластените субјекти на јавното претпријатие не ги извршат обврските што произлегуваат од оваа одлука ќе се смета дека настанало нарушување на работењето во јавното претпријатие во смисла на член 39 од Законот за јавните претпријатија, а Градот Скопје во својство на основач ќе ги преземе мерките предвидени со закон, заради обезбедување услови за непречено вршење на дејностите односно работењето и функционирањето на соодветното јавно претпријатие.

Во одлуките за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работата на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" Скопје и Јавното претпријатие Санитарна депонија за цврсти отпади „Дрисла" Скопје со Законот за јавните претпријатија градот Скопје во својство на основач и сопственик на ЈСП „Скопје" Скопје и ЈП Санитарна депонија за цврсти отпадоци „Дрисла" утврдува обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работењето на наведените јавни претпријатија со Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности.

Во овие одлуки на истоветен начин се регулираат прашањата кои се однесуваат на органите на јавните претпријатија односно за управниот одбор, за директорот, за заменик директорот, за одборот за контрола на материјално-финансиското работење, за тоа кои лица не можат да учествуваат во штрајк на јавни претпријатија, како што е утврдено и во Одлуката за утврдување обврска, начин и постапка за усогласување на организацијата и работењето на јавните претпријатија што произлегуваат од Јавното комунално претпријатие „Комуналец" Скопје.

5. Според член 58 став 1 од Уставот, основа за управување и учество во одлучувањето се сопственоста и трудот.

Учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

6. Според член 3 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96) јавни претпријатија во име на Република Македонија основа Владата на Република Македонија.

Според став 3 од овој член за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес, во рамките на своите надлежности јавни претпријатија можат да основаат општините и Градот Скопје под услови и начин утврдени со закон.

Во член 3 став 4 на овој закон е предвидено дека јавните претпријатија основани од Република Македонија се во сопственост на Република Македонија, а јавните претпријатија основани од општината, односно Градот Скопје, се во сопственост на општината, односно Градот Скопје.

Во Законот за јавните претпријатија во однос на организацијата и управувањето на јавните претпријатија се утврдени органите, надлежноста, составот и изборот на органите на јавните претпријатија. Така како органи на јавните претпријатија се утврдени управниот одбор, одборот за контрола на материјално финансиското работење и директорот.

Според член 17 од Законот, управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку 5 члена а најмногу 15 члена, а во јавното претпријатие се формира и совет на вработените.

Во управниот одбор основачот именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани стручњаци од областа на предметот на работењето на јавното претпријатие и претставници на вработените од јавното претпријатие на предлог на советот на вработените.

Исто така во овој член е утврден и односот на претставниците на вработените во јавното претпријатие во управниот одбор во однос на вкупниот број на членови како и времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор.

Во член 18 од законот е утврдено кои лица не можат да бидат именувани за претседател и членови на управниот одбор, а додека во член 19 од законот се утврдени делокругот на надлежностите на управниот одбор како и начинот на одлучување.

Во член 23 од Законот е утврдено дека со работата на јавното претпријатие раководи директор, што го именува односно разрешува основачот за период од четири години.

Исто така во овој член се утврдени надлежностите на директорот како и неспоивоста на функцијата директор со други функции.

За вршење на контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие согласно член 26 се формира одбор за контрола составен од пет члена кои ги именува односно разрешува основачот.

Во член 29 од Законот за јавните претпријатија е предвидено дека организацијата, управувањето и раководењето со јавните претпријатија поблиску се уредува со статутот на јавното претпријатие.

Освен наведените права на основачот што произлегуваат од спомenатите законски одредби во член 11 од Законот се утврдени и актите на јавното претпријатие за кои согласност дава основачот.

Заради остварување и заштита на јавниот интерес во јавното претпријатие, а во случај на нарушување на работата односно вршењето на дејноста на јавното претпријатие од член 39 до 41 се утврдени мерки што основачот може да ги презема со цел да се обезбеди трајно и непречено вршење на дејноста на јавното претпријатие.

Имено според член 39 од законот нарушување на работењето на јавното претпријатие во смисла на овој закон се смета дека настапило: ако со начинот на работењето на јавното претпријатие не се обезбедува трајно и непречено вршење на производството и прометот на определени производи и пружање на услуги, или остварувањето на планот за развој на начин утврден со законот, со што се нанесува штета или може да се нанесе штета на корисниците; ако со располагање на средствата се менува основната намена на средствата, се менуваат и основните услови за работење на јавното претпријатие утврдени во согласност со законот, заради остварување на јавниот интерес во јавното претпријатие со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање и во други случаи утврдени со законот.

Поради нарушување на работењето во јавното претпријатие основачот во случаите од член 39 на Законот согласно член 40 може да ги преземе следните мерки: да го разреши директорот на јавното претпријатие, да го распушти управниот одбор како и одборот за контрола, да ја промени организацијата на јавното претпријатие и да го запре од извршување актот на јавното претпријатие кој е спротивен со законот; да го запре од извршување актот на јавното претпријатие ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на јавното претпријатие и други мерки утврдени со посебниот закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна стопанска дејност од јавен интерес.

Во член 49 од Законот е предвидено дека постојните јавни претпријатија се должни организацијата и работењето да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од напред наведените законски одредби произлегува дека организацијата и работењето на јавното претпријатие се уредени со закон, а во однос на постојните јавни претпријатијата основани пред влегување во сила на овој закон е утврдено обврска организацијата и работата јавните претпријатија да ја усогласат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Според тоа обврската за усогласување на јавните претпријатија е директно утврдено во законот, со тоа што во законот не е содржано овластување основачот со свој акт да утврдува обврска за усогласување на организацијата и работата на овие претпријатија.

Со оглед на тоа што со донесување на оспорените одлуки Градот Скопје како основач на наведените јавни претпријатија ги пречекорил законските овластувања Судот оцени дека тие не се во согласност со наведените законски одредби.

Имајќи го предвид изнесеното како и фактот што со оспорените одлуки покрај утврдената обврска за усогласување со Законот за јавни претпријатија се уредува и организацијата и управувањето во овие претпријатија Судот оцени дека одлуките не се во согласност со член 58 од Уставот, според кој учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби е предмет

на уредување со закон, а не со акт понизок од законот какви што се оспорените одлуки.

Со оглед на изнесеното, се одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 31/98
14 април 1999 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Милан Недков,** с.р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Илиевски Божинов Томче од с.Жилче, Тетовско, против Билјана Симо Митревска од с.Жилче, а сега со непозната адреса во Шведска.

Се повикува тужената во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе и постави привремен старател кој ќе го води спорот во нејзино име.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.580/99. (24352)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води спор со основ за сопственост по основ на купопродажба по тужбата на тужителот Вукас Јаневски од с.Вратница, против тужените Михајловски Илија од Белград и Михајловски Златко од с.Вратница.

Се повикува тужениот Михајловски Илија од Белград, СР Југославија, со непозната адреса на живеење да се јави во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот. Во спротивно, доколку не одреди свој полномошник кој ќе го застапува по службена должност, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите права и интереси се до окончувањето на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.631/99. (24353)

---

Пред овој суд се води спор за надомест на штета долг по тужбата на тужителот ПС Лешница ДОО Тетово против тужениот Велија Билал Есад од с.Д.Лешница.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса во Италија, се повикува истиот да се јави во судот во рок од 30 дена по објавуавањето на огласот или во истиот рок да овласти свој полномошник во земјата. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.517/98. (24354)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3970/99, на регистарска влошка бр. 02014619?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар Основање на Тровско друштво Друштвото за производство, трговија и услуги „ЛИПКОВЕ" 99 Бејзат ДООЕЛ експорт-импорт с. Липково - Липково.

Содружник: Бејзат Фетаи од с. Липково-Липково.

Седиште: с. Липково-Липково.

Дејност: 01.21, 01.22, 01.24, 15.11, 15.12, 15.51, 15.61, 15.81, 15.98/2, 17.40, 17.54, 18.10, 18.22, 18.23, 18.24, 19.20, 19.30, 20.10/1, 20.40, 20.51, 21.21, 21.25, 25.13, 25.22, 25.24, 26.61, 26.66, 28.72, 28.73, 28.74, 36.11, 36.13, 36.14, 36.63, 45.21/1, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 51.13, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 55.30, 55.40, 60.21, 60.22, 60.24, 63.30, 63.40, 65.12/3, 74.82, 74.84.

Управител: За управител на Друштвото се одредува лицето Бејзат Фетаи од с. Липково - Липково.

Овластувања: Друштвото во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

Одговорност: Друштвото за обврските во правниот промет со трети лица превземени во текот на работењето одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3970/99. (20567)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 665/99, на регистарска влошка бр. 02010719?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар претворање на Друштво за производство, трговија и услуги „МЕТО-КОМЕРЦ" Скендер Аљији ДООЕЛ експорт-импорт Куманово, ул. „Нада Димиќ" бр. 4.

Содружник: Скендер Аљији од Куманово, ул. „Нада Димиќ" бр. 4, од Куманово.

Фирма: Друштво за производство, трговија и услуги „МЕТО-КОМЕРЦ" Скендер Аљији ДООЕЛ експорт-импорт.

Седиште: Куманово, ул. „Нада Димиќ" бр. 4.

Дејност: 01.11, 01.13, 01.21, 01.22, 01.24, 15.11, 15.12, 15.51, 15.61, 15.81, 15.89, 15.98/2, 17.40, 17.51, 17.54, 17.60, 18.10, 18.22, 18.23, 18.24, 19.20, 19.30, 20.10/1, 20.40, 20.51, 21.25, 25.22, 25.24, 28.12, 28.72, 28.73, 28.74, 36.63, 45.21/1, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 51.17, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.56, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27.52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.62, 55.30, 55.40, 60.21, 60.22, 60.24, 63.40, 65.12/3, 74.82, 74.84.

Управител: за управител на Друштвото се одредува Скендер Аљији од Куманово.

Овластувања: Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

Одговорност: за обврските во правниот промет со трети лица преземени во текот на работењето друштвото одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 665/99. (20583)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 932/99, на регистарска влошка бр. 02013488?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар претварање на претпријатие во Друштво за производство, промет и услуги „ПАЦИФИК" Даница ДООЕЛ увоз-извоз Куманово ул. „Ѓорче Петров" бр. 301.

Дејности: 15.11, 15.12, 15.32, 15.51, 15.61, 15.81, 15.85, 15.86, 15.98/1, 15.98/2, 17.40/1, 17.40/2, 17.54, 17.54/1, 17.54/2, 18.21, 18.22, 18.23, 19.20, 19.30, 20.30, 25.22, 27.21, 27.31, 28.52, 28.62, 28.72, 28.73, 28.75, 29.71, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.26, 52.41, 52.43, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.30, 63.40, 71.10.

Дејности од надворешна трговија: надворешна трговија со непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка. Во правниот промет со трети лица за обврските друштвото одговара со сиот свој имот.

Управител без ограничување е Стојановска Даница.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 932/99. (20584)

---

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 4898/98, на регистарска влошка бр. 006291, го запиша во трговскиот регистар Трговско друштво за производство промет и услуги Блаже Клокановски „ПРЕСПА ГОЛД" експорт импорт ДООЕЛ, ул. „Корчуланска" бр. 10 Ресен.

Дејности: 01.12/2, 15.32, 15.33, 52.12, 52.25, 52.41, 52.42, 52.43, 52.45, 52.46, 52.26, 52.48, 50.10, 50.30/2, 50,50, 50.30/1, 51.51, 51.70, 65.12/3, 74.84. надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет, застапување и посредување во прометот на стоки и услуги.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е Блаже Клокановски управител без ограничување.

Основната главница е 10975

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 4898/98. (20919)

---

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 4866/98, на регистарска влошка бр. 006054, го запиша во трговскиот регистар претворувањето на претпријатие во ДООЕЛ на Друштво за производство, трговија и услуги „МАРКОСКИ" Целе Маркоски ДООЕЛ увоз-извоз с. Другово Кичево.

Претпријатието за проектирање, надзор и изградба на инвестициони објекти „МАРКОСКИ" ДОО с. Другово Кичево се усогласува со ЗТД и се претворува во ДООЕЛ со назив како претходно.

Основач на друштвото е Целе Маркоски од с. Другово Кичево.

Дејности: 05.01, 05.02, 14.11,14.21,14.22, 15.11, 15.12,15.32, 15.33, 15.51, 15.81, 15.87, 15.98, 20.10/1, 20.10/2, 22.15, 26.52,26.61, 26.66, 45.11, 45.12,45.21, 45.22, 45.23, 45.24,45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 4.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50,20, 50,30/1, 50,30/2, 50,50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.19, 51.21, 51.23, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.47, 51.53, 51.55, 51.56, 51.57, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 60.22, 60.23, 60,24, 63.11, 63.12, 63.40, 65.12/3, 71.10, 74.12, 74.14, 74.20, 74.20/1, 74.20/2, 4.20/3, 74.20/4, 74.20/5, 74.40, 93.05. Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Албанија, Бугарија, Грција и СР Југославија, застапување на странски фирми, посредништво, консигнација и вршење на комисиони работи и реекспорт.

Неограничени овластувања, полна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешен и надворешно-трговски промет: Целе Маркоски - управител без ограничување во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 4866/98. (20920)

---

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 4888/98, на регистарска влошка бр. 006281, го запиша во трговскиот регистар претворање на ПП во ДООЕЛ на Друштво за производство, трговија и услуги Симо Милошевски „СИМ-БИС" увоз извоз ДООЕЛ ул. „Никола Тесла" бр. 114 Битола.

Дејности: 52.11, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.12, 52.25, 52.41, 52.42, 52.43, 52.45, 52.46, 52.44/1, 52.48, 52.47, 52.26, 50.10, 50.30/2, 50,40/2, 51.21,51.31, 51.34, 51.23, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.24, 51.54, 51.53, 51.55, 51.70, 51.35, 51.57, 02.01, 02.02, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 63.30, 63.21, 60.24, 60.22, 60.23, 31.20, 31.61, 31.62, 52.72, 52.74.

Во правниот промет со трети лица Друштвото ќе настапува во свое име и за своја сметка.

Лице одговорно за застапување во внатрешниот и во надворешниот промет е Милошевски Симо - управител без ограничување во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 4888/98. (20921)

---

Основниот суд во Битола, го запиша во трговскиот регистар Трговско друштво за превоз меѓународна шпедиција и трговија на големо и мало Фејзулов Иљат „И-ТРАНС" увоз-извоз ДООЕЛ ул. „Киро Димитровски" бр. 14 Битола.

Дејности: 60.23, 60.214, 63.40, 60,21, 60.22, 25.11, 63.21, 50.20, 52.72, 52.72/1, 28.75, 31.62, 20.51, 127.54/2, 19.20, 19.30, 15.81/1, 15.89, 25.24, 45.31, 45.44, 45.45, 93.05, 63.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.21/1, 45.24, 74.20/1, 45.23, 65.12/3, 65.12/2, 74.12, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.41, 52.42, 52.43, 52.46, 52.44/1, 52.47, 52.26, 52.12, 50.10, 50.30, 50.50, 51.21, 51.31,51.34, 51.23, 51.41, 51.42, 51.54, 51.63, 51.55, 51.39, 50.30/1, 51.51, 51.57.

Надворешно трговски промет: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, продажба на стоки од консигнациони складови на странски стоки, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги, меѓународен транспорт на стоки и патници, угостителски и туристички услуги, меѓународна шпедиција, агенциски услуги во транспортот и слично, угостителски и туристички услуги, малограничен промет.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка - полни овластувања.

За обврските сторени вои правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства - полна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Фејзулов Иљат - управител без ограничувања.

Од Основниот суд во Битола. (20922)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 6/99, на регистарска влошка бр. 1-69834-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основање на „ДИГИТ-ПРОП" - Установа за филмска продукција, издаваштво и сценско музичка дејност Скопје. ул, „8-ми Март" бр.2.

Основачи Кристијан Ристески и Горан Ацевски од Скопје. Директор Горан Ацевски од Скопје.

Дејност: 22.11, 22.12, 22.13, 22.14, 22.15, 22.24, 92.11, 91.12, 92.13, 92.31/1, 92.31/2, 92.32..

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 6/99. (20531)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 3038/98, на регистарска влошка бр. 03003746?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на трговецот поединец Александар Благој Ратков т.п. ул. „Македонска“ бр. 48 - Делчево.

Претворањето на претпријатието за производство, угостителство, трговија на големо и мало увоз-извоз „ТРГОГОЛАК“ п.о. во трговец-поединец Александар Ратков.

Управител е Александар Ратков.

Дејности: 52.11, 52.21, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.43/2, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.50, 52.62, 52.63.

Во правниот промет со трети лица трговецот-поединец истапува со неограничени овластувања.

За обврските во правниот промет со трети лица трговецот-поединец одговара со целиот свој имот.

Овластен потписник е Александар Ратков.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 3038/98. (20248)

---

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 3156/98, на регистарска влошка бр. 03003874?-1-09-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на трговецот поединец на Јавно трговско друштво за трговија и производство „СЛОГА-ЕКСПРЕС“ Џамисап Шупља и др. ЈТД ул. „Маршал Тито“ бр. 7 - Виница.

Со договор од 21.12.1998 год. основано е Јавно трговско друштво за трговија и производство „СЛОГА-ЕКСПРЕС“ од Виница.

Содружници се лицата: Ахмет Шупља од Виница, со стан на ул. „Маршал Тито“ бр. 10, и Џамисап Шупља од Виница со стан на ул. „Маршал Тито“ бр. 10 од Виница.

Содружниците вложуваат по 200,00 денари.

Дејности: 15.11, 15.13, 15.32, 15.51, 20.10/1, 20.40, 20.30, 50.10, 50.20, 50.30, 50.40, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.34, 51.35, 51.37, 51.70, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.50, 55.11, 55.30, 55.40, 60.22, 60.23, 60.24, 71.10, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 3156/98. (20249)

---

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 750/99, на регистарска влошка бр. 03004651?-1-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ЈТД на Друштво за производство, трговија и услуги „ЕВРО-ПРОМ“ Атанас Воиновски и др. ЈТД с. Разловци - Делчево.

Содружници се: Атанас Воиновски и Ранка Воиновска од с. Разловци.

Дејности: 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12/1, 01.13/1, 01.21, 01.22/1, 01.22/2, 01.23, 01.24, 01.25, 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.53, 51.54, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.62, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, меѓународен транспорт на стоки и патници, реекспорт, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

Во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целиот свој имот.

Атанас Воиновски управител и застапник во надворешнотрговскиот промет без ограничување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 750/99. (20250)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 746/99, на регистарска влошка бр. 03004647?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на трговецот поединец Стоименовски Станко Димче т.п. с. Илиово - Делчево.

Основач на трговец-поединец е Стоименовски Димче од с. Илиово.

Дејности: 52.11, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.50, 52.62, 52.63.

Во правниот промет со трети лица трговецот-поединец истапува со неограничени овластувања.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица трговецот-поединец одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник е Стоименовски Димче.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 746/99. (20251)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 13506/98, на регистарска влошка бр. 02014272?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за услуги, трговија и производство „САШО ФРИЗ“ Санде дооел увоз-извоз Трговски центар, населба Лисиче, Скопје.

Основач: Санде Димитриевски, од Скопје.

Дејности: 50.40/3, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 51.61, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.21, 55.22, 55.23, 55.30, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 93.01, 93.02, 93.05, 74.84., посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и во свое име и за туѓа сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целиот свој имот. Управител Санде Димитриевски, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 13506/98. (20113)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9845/98, на регистарска влошка бр. 02011077?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ТТ „ПЛАСТ“ Ѓорче и Коста доо ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 132 Скопје.

Основачи: Ѓорче Тодоровски и Коста Трпевски од Скопје.

Управител: Ѓорче Тодоровски со неограничени овластувања.

Дејности: 24.65, 25.21, 25.22, 25.23, 25.24, 27.21, 27.51, 27.52, 27.53, 28.11, 28,12, 28.21, 28.22, 28.40, 28.61, 28.62, 28.63, 28.71, 28.72, 28.73, 28.74, 28.75, 29.13, 29,14, 29.24, 29.72, 35.50, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.50, 36.63, 50.30, 50.40, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.63, 63.40, 70.31, 71.32, 71.33, 71,34, 71.40, 74.20/3, 74.82, 74.83, 74.84., надворешна трговија

со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во надворешно-трговскиот промет.

Во правниот промет Друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските кон трети лица Друштвото одговара со целиот свој имот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9845/98. (20115)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9995/98, на регистарска влошка бр. 02009053?-8-06-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за трговија, транспорт и услуги „ЉАТО-КОМЕРЦ" Нехат дооел увоз-извоз ул. „171" бр. 37-а, Скопје.

Претпријатието се усогласува согласно Законот за трговски друштва во Друштвото за трговија, транспорт и услуги „ЉАТО-КОМЕРЦ" Нехат дооел увоз-извоз Скопје.

Седиштето на друштвото ќе биде на ул. „171" бр. 37-а Скопје.

Основач на друштвото е Нехат Бајрами.

Дејности: 51.21, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.33, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.46, 51.47, 51.48, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 50.30, 50.50, 50.20, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63,40, 63.30, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 74.40, 74.84, 28.62, 28.73, 28.74, 28.75, 29.56., надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, продажба на странска стока на консигнација, застапување и посредување во надворешно-трговскиот промет, реекспорт, малограничен промет со Република Грција, Бугарија, СР Југославија и Албанија, услуги во друмскиот сообраќај, меѓународен транспорт со стоки и патници.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства. Нехат Бајрами - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9995/98. (20116)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение Трег. бр. 1537/99, на регистарска влошка бр. 02013542?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД друштво за производство, промет и услуги „ФАМА" Елефтерула и Милица ДОО увоз-извоз ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 20/49 Скопје.

Дејности: 17.11, 17,12, 17,30, 17.60, 17-71, 17.72, 18.21, 18,22, 18,23, 18,24, 21.22, 22.13, 22.15, 28.72, 36.22, 36.40, 36.63, 45.11, 45.21, 45.25, 45.31, 45.32, 45.34, 45.41, 45.45, 50,10, 50,20, 50,30, 51.14, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51,51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51,61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.71, 52.72, 52.73, 52.74, 63.12, 70.31, 71.10, 71.34, 74.12, 74.20/2, 74.20/3, 74.40, 74.82, 74.83, 74.84.

Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување, реекспорт, консигнација.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е Елефтерула Арсова - Управител со неограничени овластувања.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските друштвото одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 1537/99. (20117)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение Трег. бр. 702/99, на регистарска влошка бр. 02013836?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар претварањето Друштво за производство, промет и услуги „МИНА-СПРОМ" Крсто ДООЕЛ Скопје ул. Бул. „Црвена Армија" бр.1.

Дејности: 15.84, 15.86, 15.87, 15.88, 50,10, 50.20, 50.30/1, 50,30/2, 50.3003, 50,40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1. 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.46, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 61.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 55.11, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 61.20, 63.11, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 71.21, 74.12, 74.40, 93.05. надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во областа на промет со стоки и услуги, компензациони работи со странство, реекспорт, продажба на стоки во консигнациони складишта, малограничен промет со соседните земји (Албанија, Грција и Бугарија) меѓународен транспорт и шпедиција, застапување на странски фирми.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За обврските направени во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Лице овластено за застапување на друштвото во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Зорица Симовска, управител без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 702/99. (20118)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение Трег. бр. 11445/98, на регистарска влошка бр. 020144468?-8-11-000, го запишa во трговскиот регистар усогласување на претпријатие во Друштво за инженеринг, информатика и дигитален дизајн „ДИГИТАЛ АРТ" Горан ДООЕЛ Скопје, ул. „Димо Хаџи Димов" бр. 17 б.

Дејности: 22.11, 22.12, 22.13, 22.14, 2.21, 22.22, 22.23, 22.24, 22.25, 22.31, 22.32, 22.33, 30.01, 30.02, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 45.11, 45.12, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.23, 45.24, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 72.10, 72.20, 72.30, 72.40, 72.50, 72.60, 73.10, 73.10/1, 73.20/2, 74.20, 74.20/2, 74.20/3, 74.40, 74.83, 74.84. изведување градежни работи и инженеринг во странство , застапување на странски фирми, реклама и пропаганда на странски фирми, застапување и посредување, архитектонски и инженерски активности и технички совети за странски фирми. Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства. Лице овластено за застапување во внатрешно трговскиот промет е Горан Јосифовски управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11445/98. (20119)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение Трег. бр. 11825/98, на регистарска влошка бр. 02012999?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар основање коло-

нијал „ЗВОНКО“ Сашо Борис Стојановски, ТП, ул. „Финска“ бр. 182 Скопје.

Дејности: 52.11, 52.12,52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27.

ТП во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските во правниот промет сторени, ТП одговара лично со целиот свој имот. Овластено лице за застапување во прометот Сашо Стојановски, Управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11825/98. (20120)

---

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 712/99, на регистарска влошка бр. 03004613?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ Друштво за производство, трговија и услуги „ИНТЕР 99“ Сашко ДООЕЛ Кочани ул. „Бел Камен“ бр. 100.

Основач: Соколов Сашко од Кочани.

Дејности: 01.11, 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12, 01.12/1, 01.12/2, 01.13, 01.13/1, 01.13/2, 01.21, 01.22, 01.22/1, 01.22/2, 01.23, 01.24, 01.25, 01.30, 01.41, 01.41/1, 01.41/2, 01.41/3, 05.02, 14.11, 14.12, 14.21, 15.11, 15.12, 15.13, 15.32, 15.51, 15.61, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.86, 15.87, 15.91, 15.98, 15.98/1, 15.98/2, 17.40, 17.40/1, 17.40/2, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 19.10, 19.20, 19.30, 20.10, 20.10/1, 20.10/2, 20.30, 20.40, 20.51, 21.21, 21.23, 27.31, 27.32,27.33, 27.34,28.11,28.12, 28.340, 28.52, 128.62, 28.63, 28.73, 28.74, 28.75, 45.11, 45.21, 45.22, 45.23, 45.24, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 45.50, 50.10, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.50, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.51, 51.563, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27,52.33, 52.41, 52.42,52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60,24, 63.30, 63.40.

Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги, малограничен промет со соседните земји, услуги во меѓународниот транспорт и шпедиција, реекспорт.

Во обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Сашко Соколов управител со неограничени овластувања во застапувањето.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 712/99. (20256)

---

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 843/99, на регистарска влошка бр. 03004744?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар упис на Трговец поединец „ИГОРЧО“ Раде Стефанов ТП Кочани, ул. „Македонска“ бр. 12.

Основачи: Стефанов Игорчо од Кочани.

Дејности: 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27.

